# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

19.11.2009 година

**ново:**

- **прашање бр.1 од тема: Пополнување на белешката 44А од финансиските извештаи.**

**Ставови на Народната Банка на Република Македонија во врска со одделни прашања поврзани со примената на Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на РМ“ бр. 118/07 и 80/09):**

| **тема:** | **Потпишување и одобрување на финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 17.08.2009 година |
| прашање бр.: | 1. |
| Прашање: | Според Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи, во точка 5 се наведува дека финансиските извештаи се потпишуваат од страна на Управниот одбор на банката со назнака на датумот на потпишување.<br>Во прилогот на финансиските извештаи, во делот на текстот за содржината на воведот се наведува дека треба да се даде информација за датумот на одобрувањето за издавање на финансиските извештаи од Надзорниот одбор на банката.<br>Во согласност со Законот за банките, член 86, точка 8 и член 89, точка 15, Собранието на банката ги усвојува годишната сметка и финансиските извештаи, а Надзорниот одбор ги одобрува годишната сметка и финансиските извештаи.<br>Законот за трговски друштва исто така го регулира потпишувањето на финансиските извештаи (член 476, точка 6) и објавувањето на одобрените финансиски извештаи (член 482).<br>Со оглед на тоа што банката врши одобрување, усвојување и објавување само на ревидираните финансиски извештаи, се заклучува дека банката има обврска:<br>1. да ги доставува сите финансиски извештаи потпишани од страна на Управниот одбор, и<br>2. да доставува информација за датумот на одобрувањето за издавање на финансиските извештаи од Надзорниот одбор само за ревидираните годишни финансиски извештаи.<br>Ве молиме за потврда на ваквото толкување на регулативата. |
| Одговор: | Согласно со Законот за банките, Управниот одбор е одговорен за изработката на финансиските извештаи, а Надзорниот одбор ги одобрува финансиските извештаи на банката. Банките се должни да доставуваат до Народната банка неревидиран полугодишен и годишен финансиски извештај во рок од 30 дена по истекот на периодот на кој се однесува. Исто така, друштвото за ревизија е должно да го достави извештајот за извршената ревизија на годишниот финансиски извештај до Народната банка, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.<br>Согласно со Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи, финансиските извештаи треба да се потпишат од страна на Управниот одбор, со назнака на датумот на потпишување. Во белешката 1 - „Вовед“ од финансиските извештаи е пропишано дека треба да се наведе датумот на одобрувањето за издавање на финансиските извештаи од Надзорниот одбор на банката. Со Упатството е пропишано дека полугодишните финансиски извештаи се состојат |

| | |
|---|---|
| | од Биланс на успех, Биланс на состојба, Извештај за промените во капиталот и резервите и Извештај за паричниот тек (не се вклучени белешките кон финансиските извештаи). Годишните финансиски извештаи ги опфаќаат наведените четири извештаи и белешките кон финансиските извештаи, вклучително и белешката 1 - „Вовед“. Следствено, банката треба да ги достави до Народната банка:<br>– полугодишните финансиски извештаи потпишани од страна на Управниот одбор;<br>– годишните финансиски извештаи (неревидираните и ревидираните) потпишани од Управниот одбор на банката, како и податок, во рамки на белешката 1, за датумот кога Надзорниот одбор ги одобрил тие годишни финансиски извештаи (неревидираните и ревидираните) за издавање.<br>Напоменуваме дека Народната банка очекува дека финансиските извештаи коишто се доставуваат до Народната банка се разгледуваат од страна на Надзорниот одбор на банката, меѓутоа банките се должни да известат за датумот на одобрувањето на финансиските извештаи само за годишните финансиски извештаи (неревидираните и ревидираните). |

| **тема:** | **Прикажување на споредливите податоци во финансиските извештаи со состојба на 30.06.2009 и со состојба на 31.12.2009 година** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 3 |
| Прашање: | Дали финансиските извештаи со состојба на 30.06.2009 година и со состојба на 31.12.2009 година треба да содржат споредливи податоци за соодветниот претходен период/година? |
| Одговор: | Согласно со точка 4 од „Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките“, банките се должни да ги пополнат податоците во полугодишните финансиски извештаи (на пример: со состојба на 30.06.2009 година) за тековниот и за претходниот споредлив период, и тоа:<br>- во Билансот на состојба и во белешките што се однесуваат на позициите од Билансот на состојба - податоците од ревидираните финансиски извештаи со состојба на 31.12.2008 година;<br>- во Билансот на успех, Извештајот за промените во капиталот и резервите, Извештајот за паричен тек и во белешките поврзани со нив - податоците од полугодишните финансиски извештаи со состојба на 30.06.2008 година.<br><br>Согласно со точка 3 од Упатството, банките се должни да ги пополнат податоците во годишните финансиски извештаи (на пример: со состојба на 31.12.2009 година) за тековната (2009 година) и за претходната (2008 година) финансиски година.<br><br>Притоа, банката не треба да врши превреднување на состојбите за претходниот споредлив период, туку треба единствено да ги прикаже во формата пропишана со Упатството. |

| тема: | **Подготвување на финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 4 |
| Прашање: | Дали банките треба да ги бришат белешките кон финансиските извештаи коишто нема да се пополнат, коишто не се применливи за конкретната банка? Или треба да се испратат целите финансиски извештаи како што се пропишани од НБРМ, со непополнети белешки? Постојат врзувања/референци на билансот на состојба и билансот на успех со белешките. |
| Одговор: | Банката треба да ги достави до Народната банка сите белешки кон финансиските извештаи, вклучително и оние за кои банката нема податоци, но ќе бидат непополнети. |

| тема: | **Насоки за пополнување на Извештајот за паричниот тек од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 15 |
| Прашање: | Амортизацијата на дисконтот кај хартиите од вредност се евидентира како приход од камата. На која позиција во „Извештајот за паричниот тек“ треба да се искажат овие приходи, дали на позицијата „Приходи од камата“ или на позицијата „Вложување во хартии од вредност“? |
| Одговор: | Тргнувајќи од основната претпоставка за евидентирање на сметководствените настани врз пресметковна основа, оној дел од дисконот на хартиите од вредност (освен за финансиските средства за тргување - приходот од камата се евидентира во позицијата „Нето-приходи од тргување“) којшто достасал и е евидентиран на сметките за приходи од камата, соодветно во Извештајот за паричниот тек, ќе се прикаже во позицијата „Приходи од камата“. Оној дел од дисконтот којшто с₵ уште не достасал и на денот на известување стои како состојба на сметките од билансот на состојба за дисконт, соодветно во „Извештајот за паричниот тек“, ќе се прикаже во позицијата „Вложување во хартии од вредност“. |

| тема: | **Третман на сомнителните и спорните побарувања од аспект на достасаноста** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 9 |
| Прашање: | Дали во извештаите на позицијата „тековна достасаност“ треба да се вклучи нефункционалната камата и главница, имајќи предвид дека во оваа позиција се вклучуваат дел од долгорочните побарувања или обврски врз разни основи коишто достасуваат во период од една година од извештајниот датум? |
| Одговор: | Банката не треба да ги вклучи сомнителните и спорните побарувања врз основа на кредити и камати во белешките кон финансиските извештаи, на позицијата „тековна достасаност“. Овие побарувања во белешките 22.1 - „Кредити на и побарувања од банки“ и 22.2 „Кредити на и побарувања од други комитенти“, треба да се вклучат во колоната за краткорочни побарувања, во зависност од институционалниот сектор во кој се разграничени комитентите чиишто побарувања се класифицирани како сомнителни и спорни побарувања. |

| | |
|---|---|
| | |

| **тема:** | **Пополнување на позицијата „тековна достасаност“ во белешките од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 22 |
| Прашање: | Што треба да се вклучи во позицијата „тековна достасаност“ којашто се јавува во голем дел од извештаите? Ставот на Банката, во консултација со надворешниот ревизор, е дека во овие позиции (независно дали се средства или извори на средства) треба да се вклучат дел од долгорочните побарувања или обврски врз разни основи коишто достасуваат во период од 1 (една) година од извештајниот датум. Тоа значи дека оваа позиција ќе се одземе од позицијата „долгорочни“ во сите извештаи за да нема преценување на вкупната состојба. На пример, во извештаите со датум 31.12.2008 г. треба да се вклучи дел од долгорочните побарувања и обврски коишто достасуваат во периодот 01.01.-31.12.2009 година и истиот износ да се одземе од позицијата „долгорочни“? Дали пристапот е исправен? |
| Одговор: | Пристапот на банката е исправен. Имено, во финансиските извештаи на позицијата „тековна достасаност“ треба да се вклучат дел од долгорочните побарувања или обврски врз разни основи коишто достасуваат во период од 1 (една) година од извештајниот датум. |

| **тема:** | **Пополнување на позицијата „Ефектот од дисконтирањето“ во белешките од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 12 |
| Прашање: | Дали банките треба да прикажат ефект од дисконтирање, дали таа позиција е задолжителна или може да е празна? |
| Одговор: | Позицијата „Ефектот од дисконтирањето“ во финансиските белешки може да остане празна, односно банките не мора да ја пополнуваат. |

| **тема:** | **Третман на вложувањето во придружени друштва во поединечните (неконсолидираните) финансиски извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 12 |
| Прашање: | Банката има подружница и следствено, изготвува консолидирани финансиски извештаи. Банката има и придружено претпријатие коешто го вклучува во консолидираните финансиски извештаи по методот на главнина. Дали банката има обврска во своето сметководство да го евидентира учеството во нето-добивката/загубата на придруженото претпријатие, или само за целите на консолидираните извештаи, да се прикаже процентуалното учество во придруженото претпријатие? |
| Одговор: | Согласно со поглавје 3.3.2 од Методологијата, вложувањата на банката во подружници и во придружени друштва, во поединечните (неконсолидираните) |

| | |
|---|---|
| | финансиски извештаи се евидентираат според нивната набавна вредност или според нивната објективна вредност (согласно со МСС 39). Доколку вложувањата на банката во подружници и во придружени друштва не се класифицирани како средства што се чуваат за продажба (во согласност со поглавје 3.10 од Методологијата и со МСФИ 5), тогаш тие се прикажуваат како вложувања во хартии од вредност, расположливи за продажба. |

| **тема:** | **Реструктурирани побарувања; пополнување на белешката 2.1 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 20 |
| Прашање: | Во белешката 2.1. - „Кредитен ризик А) Анализа на максималната изложеност на кредитен ризик“, редот 4 - „Недостасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредност“ се дели на два подреда: „реструктурирани побарувања“ и „останати побарувања“. Нејасно е во врска со првиот подред, бидејќи под „реструктурирани побарувања“ обично се мисли на побарувањата коишто достасале и веќе се класифицирани во полоша ризична категорија и за кои има исправка на вредноста. |
| Одговор: | Согласно со точка 10 и 11 од Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките („Службен весник на РМ“ бр. 134/2007), за реструктурираните побарувања се почитуваат критериумите за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките, според степенот на нивната ризичност, пропишани во Одлуката за управување со кредитниот ризик, при што во период од шест месеци по извршеното реструктурирање, побарувањето не може да се класифицира во подобра категорија на ризик од категоријата на ризик во која е класифицирано на датумот на реструктурирањето. Значи, по истекот на шест месеци од реструктурирањето, можно е тоа побарување да биде класифицирано во подобра категорија на ризик. Дополнително, по исклучок, банката може да одреди подобра категорија на ризик дури и пред истекот на периодот од шест месеци по реструктурирањето, само доколку се утврдени квалитативни промени во однос на можноста за наплата на побарувањето или доколку побарувањето е обезбедено со првокласни инструменти на обезбедување, дефинирани од страна на Народната банка. Согласно со Одлуката за управување со кредитниот ризик, во категорија на ризик „А“ се класифицира изложеноста на кредитен ризик којашто е целосно обезбедена со првокласни инструменти за обезбедување, дефинирани од Народната банка.<br><br>Во вакви случаи е можно одредено недостасано реструктурирано побарување (без разлика кога е направено реструктурирањето) на одреден датум на преоценка за кредитниот ризик да има нула исправка на вредноста. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 2.1 Б од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 15.09.2008 година |
| прашање бр.: | 7 |
| Прашање: | За што треба банката да извести во табелата 2.1б (Упатство за видовите и содржината на финансиските извештаи на Банките) од листата на задолжителните обелоденувања - за објективната вредност на обезбедувањето |

| | |
|---|---|
| | или за вредноста на кредитната изложеност? |
| Одговор: | Во белешката 2.1 - Кредитен ризик, Б - Вредност на обезбедувањето (објективна вредност) земена за заштита на кредитниот ризик, банката треба да обелодени информации за објективната вредност на обезбедувањето. Позицијата „Необезбедени“ треба да се избрише од оваа белешка.<br><br>Описот на позицијата „Кредитна изложеност која се оценува за оштетување на поединечна основа“ се дополнува и гласи „Вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на поединечна основа“.<br><br>Описот на позицијата „Вкупна кредитна изложеност која се оценува за оштетување на поединечна основа“ се менува и гласи „Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на поединечна основа“.<br><br>Описот на позицијата „Кредитна изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа“ се менува и гласи „Вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа“.<br><br>Описот на позицијата „Вкупна кредитна изложеност која се оценува за оштетување на групна основа“ се менува и гласи „Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа“. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 2.1.В од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 3. |
| Прашање: | Каде треба да се искажат парите и паричните еквиваленти пласирани во нерезидентни банки во белешката 2.1.В - „Кредитен ризик/Концентрација на кредитниот ризик по индустриски гранки и по географска локација“, во позицијата „Нерезиденти“ или во позицијата „Финансиско посредување“? |
| Одговор: | Во позицијата „Финансиско посредување“. |

| **тема:** | **Пополнување на белешките 2.2, 2.3.1 и 2.3.2 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 23 |
| Прашање: | Дали НБРМ ќе пропише методологија и упатства за изготвување на следните извештаи:<br><br>- Белешка 2.2. - Ризик на ликвидност, Анализа според достасаноста на финансиските средства и обврски (преостаната рочност). Напомена: сегашната методологија не соодветствува со пропишаната форма на табелата.<br><br>- Белешка 2.3. - Пазарен ризик (А. Анализа на вредноста изложена на ризик, Б. Анализа на чувствителноста на промени на каматните стапки и 2.3.1 Анализа на |

| | |
|---|---|
| | усогласеноста на каматните стапки на финансиски средства и обврски (без портфолио за тргување и деривати)). Напомена: досега нема пропишано методологија за изготвување вакви прегледи.<br><br>- Белешка 2.3. - Пазарен ризик, 2.3.2. Валутен ризик.<br><br>Напомена: досега нема пропишано методологија за изготвување вакви прегледи. |
| Одговор: | Народната банка е во постапка на донесување соодветни упатства за примена на одлуките за управување со одредени ризици, како и на регулативата за адекватноста на капиталот. Во Упатствата се пропишува начинот на пополнување на одредени извештајни форми. Овие упатства може да се искористат, во одредена мера, при пополнувањето на белешките на извештајот. |

| **тема:** | **Насоки за пополнување на белешката 2.2 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 16 |
| Прашање: | Каде (во кој рочен блок) да се ставaт состојбата на девизната задолжителна резерва, делот од денарската задолжителна резерва којшто не може да се користи и состојбата на нефункционалните кредити во белешка 2.2 - „Ризик на ликвидност“? |
| Одговор: | Во белешката 2.2 - „Ризик на ликвидност“ од финансиските извештаи на банките, состојбата на девизната задолжителна резерва и делот од денарската задолжителна резерва којшто не може да се користи треба да се стават во рочниот блок „од 1 до 2 години“, а состојбата на нефункционалните кредити треба да се стави во рочниот блок „од 3 до 12 месеци“. |
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 21 |
| Прашање: | Во извештајот за паричен тек, нема позиција за задолжителната резерва во НБРМ. Дали тоа значи дека ова побарување ќе се искаже на позицијата „останати побарувања“ или на друга позиција? |
| Одговор: | Народната банка ќе изготви измена на овој дел од финансиските извештаи, односно ќе го дополни „Извештајот за паричниот тек“ со посебна позиција „Задолжителна резерва пресметана од обврски во странска валута“. |

| **тема:** | **Насоки за пополнување на белешката 2.3.1 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 4 |
| Прашање: | Во врска со белешката 2.3.1 - „Анализа на усогласеноста на каматните стапки на финансиските средства и обврски“, во колоните во кои *инструментите со фиксна каматна стапка, вклучуваајќи ги и инструментите со променлива каматна стапка, предмет на одлука на органите на банката*, треба да се |

<table>
<tr><td></td><td>поделат во рочните блокови: до 1 месец; од 1 до 3 месеци; од 3 до 12 месеци итн., дали поделбата треба да се врши според нивната преостаната (резидуална) рочност, или според периодот во кој се очекува дека каматните стапки би се промениле?</td></tr>
<tr><td>Одговор:</td><td>Во белешката 2.3.1 „Анализа на усогласеноста на каматните стапки на финансиските средства и обврски“, распоредувањето на состојбата на инструментите со променлива каматна стапка, предмет на одлука на органите на банката во соодветните рочни блокови, се врши врз основа на очекуваниот период на промена на каматните стапки, притоа применувајќи ги насоките содржани во точка 22 од Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности („Службен весник на РМ“ бр. 163/08). Оние инструменти со променлива каматна стапка, којашто е поврзана со одредена референтна каматна стапка, се внесуваат во колоната „Инструменти со променлива каматна стапка“.</td></tr>
<tr><td>датум на објавување на одговорот:</td><td>03.12.2008 година</td></tr>
<tr><td>прашање бр.:</td><td>4</td></tr>
<tr><td>Прашање:</td><td>Во врска со Извештајот 2.3.1 - Анализа на усогласеноста на каматните стапки на финансиски средства и обврски (без портфолио за тргување и деривати):<br>- Каков третман ќе имаат пласманите коишто се поврзани со каматни стапки определени од страна на НБРМ (есконтна, законска затезна и сл), дали со фиксна или со варијабилна каматна стапка?<br>- Каков третман ќе има задолжителната резерва и задолжителниот депозит кај НБРМ? Дали тие ќе се третираат како инструменти со фиксна или како инструменти со варијабилна каматна стапка?<br>- Каков третман ќе имаат сомнителните и спорните побарувања? Како каматоносни или како некаматоносни?<br><br>Дополнително појаснување во врска со пресметката на ЕКС? Дали на оние категории на кои не се пресметува ЕКС треба да се прикаже номинална каматна стапка?</td></tr>
<tr><td>Одговор:</td><td>Во белешката 2.3.1. од финансиските извештаи на банките, третманот на финансиските инструменти од аспект на видот на каматната стапка е како што следи:
<table>
<tr><td>пласмани поврзани со есконтна стапка</td><td>инструменти со фиксна каматна стапка</td></tr>
<tr><td>пласмани поврзани со законска затезна каматна стапка</td><td>инструменти со фиксна каматна стапка, до 30.06.2009 година<br>инструменти со променлива каматна стапка од 01.07.2009 година, согласно со Одлуката за референтна каматна стапка за пресметување на казнена камата</td></tr>
<tr><td>задолжителна резерва во денари</td><td>инструменти со фиксна каматна стапка</td></tr>
<tr><td>задолжителна резерва во девизи</td><td>некаматоносно (согласно со Одлуката, надоместот е 0%)</td></tr>
<tr><td>задолжителен депозит кај НБРМ</td><td>инструменти со фиксна каматна стапка</td></tr>
<tr><td>сомнителни и спорни побарувања</td><td>некаматоносно</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | За оние финансиски инструменти за кои не се пресметува ефективна каматна стапка, банката треба во белешката 2.3.1. да ја прикаже номиналната, договорна каматна стапка на инструментот/побарувањето. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 2.3.2 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 10 |
| Прашање: | Во врска со белешката 2.3.2 - Валутен ризик, дали изложеноста на валутен ризик треба да се даде на нето-основа - намалена за исправката на вредноста по поодделни позиции на финансиските средства, или на бруто-основа?<br><br>Дали оваа белешка треба да се пополнува со нето-износи или треба пласманите да се зголемат за пресметаните резервации по секоја поодделна валута? Ова потекнува оттаму што, при пресметката на девизната изложеност за потребите на капиталната адекватност се зема БРУТО-изложеноста по поодделна валута. |
| Одговор: | Во белешката 2.3.2 - Валутен ризик, изложеноста на валутен ризик треба да се даде на нето-основа. |

| **тема:** | **Прикажување на белешката 4 во финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 1 |
| Прашање: | Предлагаме да се избрише белешката 4 - „Известување според сегментите“ од финансиските извештаи, имајќи го предвид начинот на организирање на банките во Р. Македонија и досегашното искуство ревизорските куќи да ја исклучуваат таа презентација од финансиските извештаи поради неможност за реално прикажување на состојбите. Сметаме дека ваквиот начин на приказ е за банки што имаат специјализирани филијали за одреден тип работа. |
| Одговор: | Белешката 4 - „Известување според сегментите“ од финансиските извештаи за банките претставува задолжително барање на МСФИ и на Методологијата за евидентирање на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи („Методологијата“). |

| **тема:** | **Пополнување на белешките 8 и 10 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 3. |
| Прашање: | Според Методологијата, во нето-приходи од тргување не се споменати курсните разлики коишто произлегуваат од средствата за тргување. Дали курсните разлики во билансот на успех треба да се вклучат во позицијата кај средствата за тргување или пак во позицијата „Нето-приходи од курсни разлики“? |

| | |
|---|---|
| Одговор: | Курсните разлики коишто произлегуваат од средствата и обврските за тргување, банката треба да ги прикаже во позицијата „Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики“ од Билансот на успех. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 12 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 08.10.2008 година |
| прашање бр.: | 11 |
| Прашање: | Во белешката 12 - Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа, постои колона „Побарувања за камата“. Како да се утврди овој износ на исправката (дополнителна исправка на вредноста и ослободување на исправка на вредноста) кога исправката на вредноста/оштетувањето се пресметува со дисконтирање на очекуваните идни парични текови (коишто покрај главница, вклучуваат и износ на каматата) и доведува до единечен износ на исправка?<br><br>Оваа колона треба да се избрише бидејќи треба да е вклучена во другите колони, соодветно на побарувањата на кои им припаѓаат како што е тоа во Белешките кон Билансот на состојба (главница плус камата), со што, на тој начин, ќе бидат усогласени. |
| Одговор: | Во новиот Сметковен план за исправка на вредноста (загуби поради оштетување) за побарувањата од камата се предвидени посебни аналитички сметки во рамки на сметката 6411 за исправка на вредноста („Загуби поради оштетување“) и „Ослободување на исправката на вредноста“ („Загуби поради оштетување“).Исправката на вредноста врз основа на побарување по камата се утврдува пропорционално на учеството на побарувањето по камата во вкупните побарувања, или пак, со примена на просечниот процент на исправка на вредноста што се добива во пресметката на исправката на вредноста на вкупното побарување (во овој случај, остатокот на исправка на вредноста, по распределбата на оној дел што им припаѓа на побарувањата врз основа на камата, ќе претставува износ на исправката на вредноста на побарувањето врз основа главница). |
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 1. |
| Прашање: | Во финансиските извештаи за банките, состојбата на побарувањата по камата од билансот на состојба се прикажува во позицијата „Кредити и побарувања“ и/или во другите позиции од активата, соодветно на побарувањето од коешто потекнува. Од друга страна, во белешката 12 - „Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа“, покрај колоните за одделните видови побарувања (Кредити на и побарувања од банки, Кредити и побарувања од други комитенти, Вложувања во финансиските средства расположливи за продажба, Вложувања во финансиските средства коишто се чуваат до достасување, Парични средства и парични еквиваленти), постои и колона за „Побарувања за камата“. Дали ова значи дека податоците кон белешките од Билансот на состојба ќе бидат различни од податоците прикажани во белешката 12 кон Билансот на успех за исправката на вредноста? |
| Одговор: | Банката треба да ја прикаже исправката на вредноста од билансот на успех којшто се однесува на побарувањата врз основа на камата во рамки на колоните |

| | |
|---|---|
| | за соодветниот вид побарување на коешто се однесува. Банките не треба да ја пополнуваат колоната „Побарувања за камата“ од белешката 12 од финансиските извештаи.<br>Народната банка ќе изврши соодветна измена на оваа белешка од финансиските извештаи на банките. |

| **тема:** | **Насоки за пополнување на белешката 14 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 6 |
| Прашање: | Во која позиција од белешката 14 - „Трошоци за вработените“, треба да се вклучат трошоците за актуарска пресметка, неискористените одмори и персоналниот данок на платата? |
| Одговор: | Трошоците од актуарската пресметка треба да се вклучат во позицијата „Зголемување на обврската за пензиски планови за дефинирани користи“ или во позицијата „Зголемување на обврската за други долгорочни користи“ во делот „Користи по престанокот на вработувањето“.<br><br>Трошокот/надоместокот за неискористени одмори треба да се вклучи во позицијата „Краткорочни платени отсуства“ во делот „Краткорочни користи за вработените“.<br><br>Персоналниот данок од плата се вклучува во позицијата „Плати“ во делот „Краткорочни користи за вработените“. |

| **тема:** | **Пополнување на белешките 18 и 22.1 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 24 |
| Прашање: | Дали во табелите кон белешката 18 - Парични средства и парични еквиваленти и белешката 22.1 - Кредити на и побарувања од банки, треба да се вклучат и побарувањата врз основа на камата (недостасана и достасана), бидејќи во табелите нема посебно наведено како што е во белешката 22.2 - Кредити и побарувања од други комитенти? |
| Одговор: | Во табелите кон белешките 18 - Парични средства и парични еквиваленти и 22.1 - Кредити на и побарувања од банки, банката треба да ги вклучи и соодветните побарувања врз основа на камата. |
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 2. |
| Прашање: | Според Методологијата, депозитите (од активата) орочени до три месеци припаѓаат на позицијата „Парични средства“, а со рок над три месеци припаѓаат во позицијата „Кредити на и побарувања од банки“. Бидејќи во извештаите од белешката 18 - „Парични средства“ постои позиција „Ограничени депозити“, а во белешката 22.1 не постои таква позиција, ве прашуваме во која табела треба да се прикажат ограничените депозити со рок над три месеци? |

| | |
|---|---|
| Одговор: | Ограничените депозити со рок над три месеци треба да се прикажат во белешката 22.1. - „Кредити на и побарувања од банки“, во редот „Орочени депозити со рок на достасување над три месеци“. |
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 1. |
| Прашање: | Дали состојбата на средствата на сметката 53 (а со тоа и задолжителниот депозит кон НБРМ) во белешките кон финансиските извештаи треба да се прикаже во позицијата „Парични средства и парични еквиваленти“ (белешка 18) или во позицијата „Кредити на и побарувања од банки“ (белешка 22.1)? |
| Одговор: | Банките треба да го евидентираат задолжителниот депозит кај НБРМ на сметката 1420, а не во рамки на сметката 53.<br>Банката ќе ги прикаже во белешката 18 - „Парични средства и парични еквиваленти“ од финансиските извештаи оние побарувања коишто ги исполнуваат одредбите за парични еквиваленти од поглавјето 3.1 од Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи. |

| **тема:** | **Пополнување на табелите за движење на исправката на вредноста во белешките 12, 18, 22.1, 22.2., 23.1., 23.2. и 25 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 17.08.2009 година |
| прашање бр.: | 3. |
| Прашање: | Согласно со објавениот одговор на интернет-страницата на Народната банка, банките треба да ја курсираат состојбата на исправката на вредноста на побарувањата во странска валута и разликата којашто произлегува од промените на девизниот курс да ја евидентираат на сметките од билансот на успех за курсни разлики.<br>Прашуваме како треба да се прикаже оваа курсна разлика во табелите за движење на исправката на вредноста во белешките кон финансиските извештаи 18, 22.1, 22.2., 23.1., 23.2 и 25, со цел да се усогласи и целосно да се прикаже движењето на исправката на вредноста на сметките од билансот на состојба на кои се евидентира исправката на вредноста? Исто така, како ќе се сложуваат податоците од овие табели со белешката 12 „Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа“ каде што ќе се прикажат само приходите и расходите за исправка на вредноста (без курсни разлики)? |
| Одговор: | Во табелите за движење на исправката на вредноста во белешките кон финансиските извештаи 18, 22.1, 22.2., 23.1., 23.2 и 25 банките треба да го прикажат и ефектот од курсни разлики на состојбата на исправката на вредноста за побарувањата во странска валута.<br>Народната банка ќе изврши соодветна измена на табелите за движење на исправката на вредноста во белешките кон финансиските извештаи 18, 22.1, 22.2., 23.1., 23.2 и 25, со додавање посебен ред „Ефект од курсни разлики“.<br>Во белешката 12, банките треба да го прикажат износот на дополнително издвоена и/или ослободена исправка на вредноста (расход и/или приход) во текот на годината, а курсните разлики треба да ги прикажат во белешката 10 „Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики“. Притоа, податоците од белешката 12 треба да се сложуваат со податоците од соодветните редови од табелите за |

| | |
|---|---|
| | движење на исправката на вредноста во белешките 18, 22.1, 22.2., 23.1., 23.2 и 25, во кои се прикажува дополнително издвоената и/или ослободената исправка на вредноста за годината. |

| **тема:** | **Пополнување на белешките 22, 34 и 36 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 6. |
| Прашање: | Како треба да постапуваме со странските банки во белешките 22, 34 и 36 од финансиските извештаи, дали треба да се вклучат во позицијата за банки или во позицијата за други комитенти - нерезиденти? Истото прашање се однесува и за сметковниот план, дали странските банки треба да се книжат како банки или како нерезиденти? |
| Одговор: | Во финансиските извештаи, Банката ќе ги прикаже:<br>– побарувањата од странски банки - во белешка 22.1 „Кредити на и побарувања од банки“<br>– обврските врз основа на примени депозити од странски банки - во белешка 34.1 „Депозити на банки“<br>– обврски врз основа на примени кредити од странски банки - во белешката 36.А „Структура на обврските по кредити според видот на обврската и секторот на давателот“ во позицијата „Банки“.<br>Во овие белешки, состојбите во странски банки нема да се прикажат во позициите „Нерезиденти“.<br><br>Во Сметковниот план, банката ќе ги евидентира состојбите на странските банки на соодветните сметки за побарувања и обврски од/кон странски банки или во рамки на секторот „Нерезиденти“. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 22 од финансиските извештаи, од аспект на поделбата на акумулираната амортизација по рочност** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 4. |
| Прашање: | Сметковниот план не пропишува поделба на акумулираната амортизација според рочноста на кредитите. Дали акумулираната амортизација треба да се прикаже во колоната краткорочни, слично на побарувањата врз основа на камата - независно од рочноста на кредитот, или пак треба да ја следи рочноста на кредитот? Доколку треба да ја следи рочноста на кредитот, на кој начин треба да се пресмета тековната достасаност на долгорочните кредити, нетирани за акумулираната амортизација? |
| Одговор: | Во белешките кон финансиските извештаи, побарувањата и обврските коишто се евидентираат по амортизирана набавна вредност се прикажуваат по нивната амортизирана набавна вредност, т.е. номинална вредност, корегирана за износот на премија, дисконт и акумулирана амортизација (и за исправката на вредноста). Значи, во финансиските извештаи банката ќе ја прикаже состојбата на соодветната сметка од Сметковниот план за акумулирана амортизација, онаму каде што го прикажува и соодветното побарување (краткорочно, долгорочно |

| | |
|---|---|
| | или прекласификуван дел за тековната достасаност на дел од долгорочното побарување). Доколку банката не може од сопствената сметководствена или друга помошна евиденција да добие ваков детален податок за состојбата на акумулираната амортизација, тогаш за целите на финансиските извештаи, банката ќе го утврди соодветниот износ на акумулирана амортизација преку пропорционалното учество на соодветните побарувања (краткорочно, долгорочно или прекласификуван дел за тековната достасаност на дел од долгорочното побарување) кај коишто има акумулирана амортизација, во вкупните побарувања кај коишто има акумулирана амортизација. |

| **тема:** | **Прикажување на авансите врз основа на побарувањата врз основа на кредити** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 4. |
| Прашање: | Дали уплатените аванси врз основа на кредити треба да се вклучат во салдото на кредитите (да го намалат салдото) или треба да се вклучат во останатата пасива како останати обврски? |
| Одговор: | Во финансиските извештаи, банката треба да ги прикаже предвремените наплати на побарувањата врз основа на кредити како намалување на состојбата на побарувањата на банката. |

| **тема:** | **Прикажување на сомнителните и спорни побарувања врз основа на камата во белешката 22.2** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 2. |
| Прашање: | На кое место во белешката 22.2.А треба да се вклучи исправката на вредноста на сомнителните и спорни побарувања врз основа на камата?<br>Имено, согласно со белешката 6.А, исправката на вредноста на приходот од камата на нето-основа се вклучува во приходи од камати, така што доколку исправката на вредноста на сомнителните и спорните побарувања врз основа на камата во белешката 22.2.А се вклучи во редот „Исправка на вредноста“ нема да може да се сложи движењето на резервацијата. Дали исправката на вредноста на сомнителните и спорните побарувања врз основа на камата во белешката 22.2.А треба да се вклучи во позициите за побарувања врз основа на камати, при што сомнителните и спорните камати ќе се прикажат на нето-основа, со ефект 0? |
| Одговор: | Сомнителните и спорни побарувања врз основа на камати, како и исправката на вредноста на сомнителните и спорни побарувања врз основа на камати треба да се прикаже во соодветните позиции за побарувањата врз основа на камати, на нето-основа со ефект 0. |

| **тема:** | **Пополнување на белешките 22.2 и 34 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 25 |

| | |
|---|---|
| Прашање: | Дали побарувањата врз основа на камати (на пример белешката 22.2.А - Структура на кредитите на и побарувањата од други комитенти според видот на должникот) треба да се вклучат секогаш во позицијата за краткорочни од табелата, независно дали тие потекнуваат од долгорочни пласмани, или треба да се прави и ваква поделба зависно од видот на пласманот или изворот по рочност? Напомена: истото прашање и на страната кај изворите на средства (на пример, белешката 34.1 - Депозити на банките, 34.2 - Депозити на други комитенти). |
| Одговор: | Побарувањата врз основа на камати треба да се вклучат во позицијата „краткорочни", независно од тоа што потекнуваат од долгорочни пласмани. Истиот третман треба да го имаат и обврските врз основа на каматите за депозитите. |

| **тема:** | **Вклучување на сметките 927 и 928 во соодветните позиции од билансот на состојба во финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 19 |
| Прашање: | Сметките 927 - Групна исправка на вредноста на портфолиото на малите кредити и сметката 928 - Групна исправка на вредноста за поединечно значајни изложености коишто не се оштетени, на поединечна основа внесуваат забуна бидејќи се вклучени во пасивата во групата 92 - Сметки за посебна резерва и резервирање. Дали износот на исправката на вредноста пресметан за споменатите портфолија (мали кредити и поединечно значајни, а неоштетени) ќе биде корективна сметка на кредитните пласмани (согласно со МСС 39) или сметките ќе се вклучат во пасивата во делот „резерви", како што е со посебната резерва за вонбилансна изложеност, а пласманите ќе се водат во бруто-износ на страната на активата? |
| Одговор: | На сметките 927 - Групна исправка на вредноста за портфолиото на малите кредити и 928 - Групна исправка на вредноста за поединечно значајните изложености коишто не се оштетени на поединечна основа, се евидентира исправката на вредноста за портфолијата на малите кредити и за групата слични финансиски инструменти. Оттука, за целите на финансиското и регулаторното известување, износот евидентиран на овие сметки ќе биде корективна сметка на кредитните пласмани и нема да се вклучува во пасивата во делот „резерви". |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 22.2 Б од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 10 |
| Прашање: | Што треба да се вклучи во белешката 22.2 Б - „Структура на кредитите на и побарувањата од други комитенти според видот на обезбедувањето", на позицијата „Гаранции од физички лица"? Дали на оваа позиција се вклучуваат:<br><br>- побарувањата по кредити со административна забрана на плата;<br>- побарувањата по кредити обезбедени со жиранти и меница? |
| Одговор: | На позицијата „Гаранции од физички лица", во белешката 22.2 Б „Структура на кредитите на и побарувањата од други комитенти според видот на обезбедувањето", од наведените побарувања, банката треба да ги вклучи побарувањата по кредити коишто се обезбедени со лични гаранции од физички |

| | |
|---|---|
| | лица, жиранти или меница. Доколку кредитот е обезбеден само со административна забрана на плата на кредитокорисникот, во тој случај треба да се вклучи во позицијата „Необезбедени“ во истата белешка, бидејќи административната забрана на плата претставува извор на отплата на побарувањето. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 36 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 26.12.2008 година |
| прашање бр.: | 30 |
| Прашање: | Дали и во делот А и во делот Б од табелата бр. 36 од финансиските извештаи треба да има поделба по сектори според давателот на кредитот? |
| Одговор: | Во белешката бр. 36 од финансиските извештаи, во делот А - **„**Структура на обврските по кредити според видот на обврската и секторот на давателот**“** и во делот Б - **„**Обврски по кредити според кредитодавателот**“**, банката ги искажува своите обврски врз основа на примените денарски и девизни кредити, во согласност со секторската припадност на кредиторот и во зависност од тоа дали станува збор за домашни или пак за странски извори на средства. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 36 А од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 03.12.2008 година |
| прашање бр.: | 12 |
| Прашање: | Во белешката 36 А **-** „Структура на обврските по кредити според видот на обврската и секторот на давателот“ не е јасна табелата од причина што во насловот се бара да се прикажат обврските по кредити според секторот на давателот, што делумно не соодветствува со позициите во Извештајот (на пример, банката не може да повлече девизен кредит од сите наведени сектори). Од друга страна, обврските по девизните кредити (група сметки 74), книговодствено, треба да се водат според секторот на крајниот корисник. Дали е ова случаен пропуст и не соодветствува со развиениот Сметковен план, или сепак ќе треба да се извадат податоци од други бази за изготвување на Извештајот? |
| Одговор: | Со измените и дополнувањата на Одлуката за сметковниот план за банките („Службен весник на РМ„ бр. 139/08) е предвидено евидентирањето на обврските на банките врз основа на примените девизни кредити да биде во согласност со секторската припадност на кредиторот и договорните рокови на достасување.<br>Народната банка ќе ја дополни белешката 36 А - „Структура на обврските по кредити според видот на обврската и секторот на давателот“ во делот за нерезидентите. |

| **тема:** | **Насоки за пополнување на белешката 40 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 04.02.2009 година |
| прашање бр.: | 5 |
| Прашање: | Што треба да се евидентира во табелата Б - „Објавени и платени дивиденди“ од |

| | |
|---|---|
| | белешката 40 - „Запишан капитал“? Дали само платените или и објавените, но сè уште неплатените дивиденди?<br><br>Во табелата В од истата белешка, за тековната година се бара да се извести за запишаниот капитал, а за претходната година - за премијата од акции. Дали белешката треба да ги содржи овие податоци или ќе има измена? |
| Одговор: | Во табелата Б од белешката 40 треба да се прикаже износот на објавени и/или платени дивиденди. Притоа, во табелите од делот Б1 - „Објавени дивиденди и платени дивиденди од страна на банката“, се наведува износот на објавени и/или платени дивиденди за годината коишто се објавени и платени или само објавени до денот на билансот на состојба (31.12. или 30.06.).<br><br>Во табелите од делот Б2 - „Објавени дивиденди по денот на билансот на состојба (не се прикажани обврски за дивиденди во билансот на состојба)“, се наведува износот на објавени дивиденди по денот на билансот на состојба, во периодот до денот на објавувањето на финансиските извештаи (на пример: Надзорниот одбор на банката донел предлог-одлука за дивиденда за годината, но до датумот на издавање на финансиските извештаи, оваа одлука се уште не е потврдена од страна на Собранието на акционери на банката).<br><br>Во табелата В од белешката 40 е воочена техничка грешка и во колоната за претходната година треба да стои описот „Запишан капитал“. Народната банка ќе изврши соодветна измена на оваа белешка. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 42.1 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 12.09.2008 година |
| прашање бр.: | 21 |
| Прашање: | На кои сметки ќе се евидентираат издадените денарски гаранции со валутна клаузула, дали да се отворат аналитички сметки во рамки на групите сметки за денарски или девизни гаранции? Во кои позиции од Извештајот 42.1 - Потенцијални обврски, треба да бидат вклучени денарските гаранции со валутна клаузула, во девизни или во денарски? |
| Одговор: | Издадените денарски гаранции со валутна клаузула треба да се евидентираат на посебни аналитички сметки за издадени гаранции во денари. Оттука, во Извештајот 42.1 - Потенцијални обврски, овие гаранции треба да се вклучат на соодветните позиции за денарски гаранции („Платежни гаранции во денари“, „Чинидбени гаранции во денари“ и „Останати потенцијални обврски“).<br><br>Народната банка ќе пропише дополнителни сметки на кои ќе се евидентираат издадените денарски гаранции со валутна клаузула. |
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 4. |
| Прашање: | Во врска со табелата 42.1 - „Потенцијални обврски“, според Сметковниот план во групата сметки „Потенцијални обврски“ се предвидени сметки и за покриени акредитиви и гаранции. Дали во оваа табела треба да бидат прикажани само потенцијалните обврски коишто се наведени во Одлуката за управување со кредитниот ризик, или треба да се прикажат сите потенцијални обврски од |

| | |
|---|---|
| | групата сметки 993? |
| Одговор: | Во белешката 42.1 од финансиските извештаи за банките треба да се прикажат сите потенцијални обврски на банката, евидентирани на сметките во рамки на сметката 993. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 43 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 5. |
| Прашање: | Според Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство, старата сметка 3886 се менува со новата сметка 3086. Бидејќи сметката од комисионо работење се менува со сметката од други парични еквиваленти, од аспект на известувањето, ве прашуваме дали треба да се известува во позицијата „Парични средства“ или во „Останати средства“? |
| Одговор: | Сметките 3081 - „Парични средства во странска валута за работење во име и за сметка на други“, 3082 - „Парични средства во странска валута за работење во име и за сметка на домаќинствата“, 3086 - „Парични средства во странска валута за старателски активности во име на нерезидентите“, 1081 - „Парични средства за вршење работи во име и за сметка на други“, 1082 - „Парични средства за вршење работи во име и за сметка на домаќинствата“ и 1086 - „Парични депозити за старателски активности во име и за сметка на нерезидентите“ се сметки за евидентирање на пристигнатите парични средства во банката врз основа на договори за комисионо работење, но сѐ уште нераспределени/трансферирани на крајните корисници врз основа на договорите за комисионо работење. Следствено, тие треба да се прикажат во белешката 43 - „Работи во име и за сметка на трети лица/Комисионо работење“, во колоната „Средства“. Вкупните комисиони средства (вклучително и паричните средства врз основа на комисионо работење) и вкупните комисиони обврски, на нето-основа треба да се еднакви на 0. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 44 од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 11.08.2009 година |
| прашање бр.: | 2. |
| Прашање: | Лицата што имаат посебни права и одговорности може да се менуваат од година во година. Дали во белешката 44 „Трансакции со поврзаните страни“, во табелите/колоната за претходната година треба да се прикажат лицата кои влегувале во оваа категорија претходната година или лицата кои во тековниот период (тековна година) претставуваат поврзани страни? Ако треба лицата да бидат различни, нема да се сложува крајната состојба од претходната година со почетната состојба од тековната година. Што би правеле во тој случај со разликата? |
| Одговор: | Во табелите, во белешката 44 треба да се прикажат податоците за состојбата на датумот на известување (тековната година) и состојбите за претходната година и |

| | |
|---|---|
| | приходите/расходите остварени од трансакции на банката со поврзаните страни во текот на годината и оние од претходната година, за категориите на поврзани лица на банката (не треба да се прикажат лице по лице) по билансна позиција за секоја година одделно. Доколку има различни поврзани лица во двата периода, тие ќе се прикажат во рамки на соодветната категорија во соодветната година.<br>Во белешката нема барање за прикажување на движењето на состојбите со поврзаните лица на банката, односно нема потреба од сложување на почетната и крајната состојба од тековната година. |

| **тема:** | **Пополнување на белешката 44А од финансиските извештаи** |
|---|---|
| датум на објавување на одговорот: | 19.11.2009 година |
| прашање бр.: | 1. |
| Прашање: | Во врска со пополнувањето на белешката 44 - „Трансакции со поврзаните страни, А - Биланс на состојба", ве молиме да ни појасните:<br>Дали оваа табела треба да се пополни само за поврзаните комитенти коишто имаат кредитна изложеност во банката, или и за комитентите коишто немаат кредитна изложеност, а банката има обврска кон нив (врз основа на депозити, хартии од вредност и друго)? |
| Одговор: | Банката, при пополнувањето на белешката 44 - „Трансакции со поврзаните страни, А - Биланс на состојба" треба да ги има предвид насоките дадени во Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и подготовка на финансиските извештаи („Службен весник на РМ" бр. 118/07), односно делот 6.2 којшто се однесува на поврзаните страни. Притоа, во белешката треба да се вклучат **сите видови трансакции со сите страни поврзани со банката**, а не само трансакциите со поврзаните страни кон кои банката е изложена на кредитен ризик. |